Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***македонски јазик за учениците од другите заедници*** за **I (прва) година** образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

*модуларно дизајнирана*

**за I година**

*Сите образовни профили / квалификации*

*Сите струки / сектори*

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 3 (три) ЕЦВЕТ[1] кредити |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br><br>IV (четврто) ниво |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да ги продлабочи знаењата за македонскиот стандарден јазик како средство за комуникација;<br>- да се оспособи за самостојно усно и писмено изразување;<br>- да се оспособи да чита куси искази на позната и помалку позната тематика од соодветната струка; |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| | - да се оспособи за разбирање, доживување и толкување на литературни и на други текстови од македонската литература;<br>- да ги развие индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературен текст; |
| **Модуларни единици на наставна програма** | 1. ЈАЗИК<br>2. МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА<br>3. КОМУНИКАЦИЈА |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1, или VIA според МРК и 240 ЕКТС (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ);<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | Модуларна единица 1: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | **Резултати од учење**<br>**Ученикот ќе биде способен да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување[*]**<br>**Ученикот може да:** |
| 1 | ИСТОРИСКИ РАЗВИТОК НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК<br>-го одредува местото на македонскиот јазик во групата на словенските јазици. | Македонскиот јазик во групата на словенските, јужнословенските и балканските јазици | Графички приказ на поделбата на словенските јазици на источнословенска, западнословенска и јужнословенска група (табели, семантичкимапи, дијаграми и сл.);<br>Читање на едноставни текстови од различни словенски јазици. | 1.  - го препознава местото на македонскиот јазик во групата на словенските јазици;<br>2. - ги идентификува карактеристиките на македонскиот стандарден јазик во однос на другите словенски јазици;<br>3. - го разликува македонскиот јазик од другите словенски и јужнословенски јазици. |
| 2 | ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА<br>- разликува што е глас, а што буква. | Глас и буква | Вежби- слушање на аудиозапис за правилен начин на изговор на гласовите. | 1. - препознава што е глас, а што е буква;<br>2. - ги согледува разликите помеѓу глас и буква. |
| | - разликува кои гласови се самогласки, а кои согласки. | Поделба на гласовите: самогласки и согласки | Вежби за користење на самогласките во зборови во сите | 1. - ги препознава самогласките во даден збор; |

[*] Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | форми на зборот (на почетокот, во средината и на крајот).<br>Вежби за делење на зборовите на слогови, сложувалка на слоговите во зборовите и примери за употреба на вокално р. | 2. - ги препознава согласките во даден збор;<br>3. - ја согледа слоготворната функција на самогласките и на вокалното р. |
| | - прави јасна разлика во изгворот на гласовите. | Изговор и пишување на гласовите: л, љ, њ, ј, ф, х, џ, ѓ, ж, ќ,ч | Вежби за употреба на гласовите: л, љ, њ, ј, ф, х, џ, ѓ, ж,ќ,ч.<br>Читање на зборови кои ги содржат гласовите: л, љ, њ, ј, ф, х, џ, ѓ, ж,ќ,ч.<br>Точни/неточни искази.<br>Пишување преку формата диктат. | 1. - ги изговори правилно и точно гласовите: л, љ, њ, ј, ф, х, џ, ѓ, ж,ќ,ч;<br>2. - ги пишува правилно и точно ракописно согласките: л, љ, њ, ј, ф, х, џ, ѓ, ж,ќ,ч според нормите на македонскиот стандарден јазик. |
| | - ги применува правилата за трисложното акцентирање. | Акцентот во македонскиот стандарден јазик | Вежби за правилно акцентирање на зборовите.<br>Аудиозапис со правилно и неправилно акцентирање на зборовите.<br>Точни/неточни искази. | 1. - го дефинира местото на акцентот во македонскиот стандарден јазик;<br>2. - да го определи акцентот кај двосложните и повеќесложните зборови. |
| 3 | МОРФОЛОГИЈА<br>- конструира реченици во кои ќе употребува именки. | **Именки** | Вежби за разликување на родот кај именките.<br>Вежби со кои се определува бројот кај именките. | 1. - ги препознава именките во реченицата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Вежби за разликување на видовите именки (општи и сопствени).<br>Вежби за препознавање на именките, родот, бројот и видови именки во даден текст.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветна именка.<br>Точни/неточни искази. | 2. - ги разликува именките според родот (именки  од машки, женски и среден род);<br>3. - го определува бројот кај именките;<br>4. - ги разликува видовите именки според значењето: општи и сопствени;<br>5. -  конструира реченици во кои ќе употреби именки. |
| | - составува реченици со почитување на граматичките категории кај глаголот. | **Глаголи** | Вежби за препознавање на глаголите во реченици.<br>Да составува реченици со глаголи од свршен и несвршен вид.<br>Вежби за трансформирање на видот на глаголот (чита-прочита). | 1. - ги препознава глаголите во реченици;<br>2. - ги дефинира глаголите како зборови кои означуваат работа или дејство;<br>3. -  ги менува  глаголите од свршен и несвршен вид;<br>4.- ги користи граматичките категории кај глаголите: лице, број и време;<br>5. - составува реченици со глаголи од свршен и несвршен вид. |
| | -употребува глаголски форми за сегашно време. | **Сегашно време** | Вежби  за употреба на глаголи во сегашно време. | 1. - ги препознава глаголите во сегашно време; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Пишување на реченици со соодветна терминологија од струката.<br>Препознавање на формите за сегашно време во даден текст.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветен глагол.<br>Точни/неточни искази. | 2. - ги менува глоголите во глаголската форма за сегашно време;<br>3. - гради реченици во кои употребува глаголски форми во сегашно време;<br>4. - се изразува усно користејќи ги формите за сегашно време;<br>5. - се изразува писмено користејќи ги формите за сегашно време. |
| | -се служи со глаголските форми за минато определено свршено и несвршено време. | **Минато определено свршено и несвршено време** | Вежби за употреба на глаголи во минато определено свршено и несвршено време.<br>Пишување на реченици во минато определено свршено и несвршено време со соодветна терминологија од струката.<br>Препознавање на формите за минато определено свршено и несвршено време во даден текст.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнувањенареченици со соодветен глагол.<br>Точни/неточни искази. | 1. - ги идентификува минато определено свршено и несвршено време;<br>2. - ги менува глоголите во глаголската форма за минато определено свршено и несвршено време;<br>3. - гради реченици во кои употребува глаголски форми во минато определено свршено и несвршено време;<br>4. - се изразува уснокористејќи ги формите за минато определено свршено и несвршено време; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 5. - се изразува писмено користејќи ги формите за минато определено свршено и несвршено време. |
| 4 | СИНТАКСА<br>-ги применува видовите реченици според содржината | **Видови реченици според содржината: расказни прашални, заповедни, желбени и извични (1 час)** | Вежби за препознавање на видовите реченици според интерпункциските знаци.<br>Пишување на расказни, прашални, заповедни, желбени и извични реченици со соодветна терминологија од струката.<br>Препознавање на различен тип на реченици (расказни, прашални, заповедни, желбени и извични) во даден текст.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Вежби со дополнување на реченици со соодветен интерпункциски знак.<br>Точни/неточни искази. | 1. - ги препознава видовите реченици според интерпункциските знаци;<br>2. - конструира: расказни, прашални, заповедни, желбени и извични реченици;<br>3. - трансформира расказни во прашални или заповедни реченици. |
| | - конструира прости и сложени реченици. | **Видови реченици според составот: проста и сложена реченица** | Вежби за препознавање на видовите реченици според составот.<br>Пишување на прости и сложени реченици со соодветна терминологија од струката. | 1. - ги препознава видовите реченици според составот;<br>2. - конструира проста и сложена реченица;<br>3. - трансформира проста во сложена реченица. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Препознавање на различен тип на реченици (проста и сложена) во даден текст.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Точни/неточни искази. | |
| | - ги разликува подметот и прирокот како главни членови во реченицата. | **Главни реченични членови: подмет и прирок** | Вежби за откривање на подметот и прирокот во реченицата. | 1. –дефинира што е подмет, а што прирок;<br>2. - конструира реченици со подмет и прирок.<br>3. -го определува подметот и прирокот во реченица |
| | | **Две писмени работи**<br>**(6 часа)** | | |

| | Модуларна единица 2: МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење<br>Ученикот ќе биде способен да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*<br>Ученикот може да:** |
| 1 | СЛОВЕНСКА ПИСМЕНОСТ<br>- ги толкува значењето и улогата на Кирил и Методиј како основоположници на словенската писменост. | Словенска писменост<br>Кирил и Методиј;<br>„Панонски легенди“ | Читање на извадоци од житието на Кирил и житието на Методиј.<br>Раскажување на прочитаните извадоци од житијата.<br>Прераскажување на прочитаните извадоци од житијата со парот или во група.<br>Одговарање на прашања преку пребарување на одговорот во текстот. | 1. - ги набројува био-блиографските податоци за Кирил и Методиј;<br>2. - го објаснува значењето на Кирил и Методиј за развојот на словенската писменост;<br>3. -препознава клучни зборови во прочитан извадок од „Панонски легенди“;<br>4. - ги извлекува главните идеи од извадоците;<br>5. - ја дефинира темата во извадокот. |
| | - ги набројува карактеристиките на Охридската книжевна школа. | Охридска книжевна школа | Користење на разни извори за значењето на Охридската книжевна школа. | 1. - го објаснува значењето на Охридската книжевна школа за развојот на македонската писменост;<br>2. - ги набројува карактеристиките на Охридската книжевна школа како продолжување на кирилометодиевската традиција. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ја коментира улогата на Климент Охридски како основоположник на македонската писменост. | Климент Охридски<br>„Пофално слово за св.Кирил“ | Читање на извадок од „Пофалното слово за св.Кирил“.<br>Раскажување на прочитаниот извадок.<br>Прераскажување на прочитаниот извадок со парот или во група.<br>Одговарање на прашања преку пребарување на одговорот во текстот. | 1. - го идентификува значењето на Климент Охридски за развојот на македонската писменост;<br>2. - ги поврзува податоците во врска со авторството на „Панонски легенди“<br>3. - прави разлика помеѓу термините основоположници на словенската писменост и на македонската писменост;<br>4. - ги извлекува главните идеи од извадоците;<br>5. -ја објаснува темата во извадокот. |
| | -ја коментира улогата на Црноризец Храбар во одбрана на словенската писменост. | Црноризец Храбар:<br>„За буквите“ | Читање на извадок од делото.<br>Раскажување на прочитаниот извадок од делото.<br>Прераскажување на прочитаниот извадок од делото со парот или во група.<br>Одговарање на прашања преку пребарување на одговорот во текстот. | 1. -ги извлекува главните идеи од извадокот;<br>2. -ја објаснува темата во извадокот;<br>3. -го идентификува терминот полемика или расправа;<br>4. -ги демонстрира своите способности за толкување на информациите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | **ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА**<br>- ги наведе карактеристики на просветителството во Македонија. | Појава и особености на просветителството во Македонија (1 час) | | 1. - го определува периодот на појава на просветителството во Македонија;<br>2. - ги набројува карактеристиките на просветителсвото како правец; |
| | - ја анализира улогата и значењето на: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосие Синаитски | Јоаким Крчовски,<br>Кирил Пејчиновиќ,<br>Теодосие Синаитски<br>(3+2=5 часа) | Читање на извадоци од делата на Ј.Крчовски („Слово заради завист“).<br>К.Пејчиновиќ („Епитафот“ и „Слово за празниците“).<br>Раскажување на прочитаните извадоци од делата.<br>Прераскажување на прочитаните извадоци од делата со парот или во група.<br>Одговарање напрашања преку пребарување на одговорот во текстовите.<br>Дискусија за јазичните карактеристики. | 1. -ги наведува био – библиографските податоци за: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосие Синаитски;<br>2. - ги препознава карактеристиките на просветителството во делата на: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосие Синаитски;<br>3. - ги коментира информациите за просветителските идеи на: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосие Синаитски. |
| | | Лектири:<br>Две дела од македонски автори<br>(2 часа) | „Силјан Штркот“-<br>„Автобиографија“- Григор Прличев | |

| | Модуларна единица 3: КОМУНИКАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење<br>Ученикот ќе биде способен:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*<br>Ученикот може да:** |
| **1.** | СЛУШАЊЕ<br>-активно да слуша и издвојува значајни елементи и идеи.<br>-точно да ги изговори гласовите, зборовите и речениците врз основа на слушнат текст (фонетика) | Правоговор | Слушање на правилен изговор на гласовите, зборовите и речениците.<br>Слушање и толкување на основни информации за тема и идеа во извадок од текст.<br>Слушање и разбирање преку разговор на поставено прашање од соодветната струка и соодветна реакција.<br>Слушање на изразно читање на текст. | 1. –да слуша со разбирање.<br>2. -правилно да ги изговара зборовите.<br>3. -да ги применува правилата за акцентирање.<br>4. - да ги објаснува помалку познатите  зборови во даден текст<br>5. –да ги споредува помалку познатите зборови  со мајчиниот јазик |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | **РАЗГОВОР**<br>-води службен и приватен разговор во стандардна и нестандардна форма. | Разговор<br>Монолог<br>Дијалог | Вежби -водење разговор со почитување на комуникацискиот бонтон (претставување во прво лице сегашно време, обраќање до соговорникот со употреба на Вие, Ве, Вас, изразување на благодарност)<br>Вежби за дискусија по дадена ситуација значајна за струката (банка, болница – релација: лекар- пациент, продавница: – однос продавач- купувач)<br>Водење дијалог со примена на вежби за употреба на глаголските форми за сегашно, минато определено свршено и несвршено време<br>Вежби -опишување на дадени предмети значајни по струката | 1. –се изразува на македонски јазик со сопствени зборови.<br>2. – реализира непосредна комуникација со соговорник.<br>3.- да води разговор на стандарден македонски јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | ЧИТАЊЕ<br>-чита со почитување на правоговорот и интерпункциските знаци.<br>-определува тематско-идејна структура на даден текст. | Читање со разбирање | Вежби- читање на дадени извадоци (извадоци од словенска писменост и просветителство).<br>Вежби – барање на одговор по дадено прашање во текст.<br>Вежби -читање и толкување на дадени текстови кои содржат информации значајни за струката.<br>Раскажување на прочитан извадок ( словенска писменост, просветителство).<br>Прераскажување на содржината од прочитани текстови. | 1.- самостојно читање со разбирање на содржината на текстот.<br>2. ги одделува значајните информации во даден текст.<br>3. -ги применува формите за изразување: раскажување и прераскажување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | ПИШУВАЊЕ<br>-пишува кратки  текстови | Пишување на кратка содржина (од прочитан текст)<br>Пишување на честитка.<br>Пишување на покана.<br>Пишување на писмо (лично). | Пишување на едноставен есеј на дадена слободна тема со почитување на правописните норми.<br>Пишување на есеј со примена на структура на истиот (воведен, главен и завршен дел ).<br>Пополнување текст со зборови кои недостасуваат според упатствата за пишување реченици.<br>Пишување на честитка.<br>Пишување на покана.<br>Пишување на писмо до пријател. | 1.  -создава текст на дадена тема.<br>2. –прави разлика помеѓу честитка, покана и писмо.<br>3. –креира писмен текст со примена на правописни норми.<br>4. –да состави честитка, покана и писмо со почитување на нивните специфични форми. |

| | |
|---|---|
| Оценување на постигањата на учениците | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик за заедниците оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови и слично.<br>Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.<br>За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.<br>За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.<br>Ученикот се оценува со бројчана оценка. |
| Литература и други извори | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| Почеток на имплементација на наставната програма | **Учебна 2019/2020 година** |
| Институција/<br>носител на програмата | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13-4390/3<br>**11.6.2019 година**<br><br>**МИНИСТЕР, с.р.**<br>**Dr. Arbër Ademi**<br>____________________ |
| Датум на ревизија | |